Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 91 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006...96/2019), член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66/2013), и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.13/1998 и 21/2009), на седницата одржана на 15.02.2021 година, го усвои следното:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Кога странка во извршна постапка е правно лице над кое е отворена стечајна постапка, извршителот треба да го одбие предлогот за извршување, а постапките за извршување што се во тек во времето на отварање на стечајната постапка, се прекинуват (член 146 став 3).**

## О б р а з л о ж е н и е

Адвокатот НН поднесе барање со цел воедначување на судската практика, при тоа посочува две различни одлуки и тоа од Апелационен суд Штип и Апелационен суд Скопје.

1. Дали по отварање на стечајната постапка над должникот, односно по настанувањето на правните последици од отварање на стечајна постапка, одделни доверители на должникот можат против должникот да бараат извршување на делови од имотот што влегува во стечајна маса, или на друг имот на должникот.

2. Дали во случај кога странката во извршна постапка е правно лице над кое е отворена стечајна постапка, извршителот треба да го одбие предлогот за извршување што е поднесен по отварањето на стечајот или може да постапува по истиот, и дали извршувањата што се во тек во времето на отварање на стечајната постапка се прекинуваат.

Од увидот во приложените одлуки може да се констатира дека и во двата предмети извршните исправи се настанати по отварањето на стечајната постапка како и тоа дека Апелациониот суд во Штип носи одлука со која го одбива приговорот и го дозволува извршувањето, а Апелациониот суд во Скопје го усвојува приговорот, утврдува дека се сторени повреди при извршувањето и налогот за извршување го става вон сила.

Согласно член 2 став 1 точка 10 односно точка 64 од Законот за стечај, стечаен доверител е физичко или правно лице кое по било која основа има побарување спрема стечајниот должник, а кое настанало пред отпочнување на стечајната постапка.

Согласно член 144 од Законот за сечај, стечајните доверители можат да ги остваруваат своите побарувања спрема должникот само во стечајната постапка.

Согласно член 3 од истиот закон, стечајната постапка има за цел колективно намирување на доверителите на стечајниот должник.

Согласно член 146 став 1 од Законот за стечај, по отварањето на стечајната постапка одделните стечајни доверители не можат против должникот да бараат обезбедување на побарувањата или извршување на делови од имотот во стечајната маса, ниту на друг имот на должникот.

Од понапред наведеното произлегува дека со отварањето на стечајната постапка, не е дозволено спроведување на поединечни извршувања. Ваквата забрана има за цел да се оневозможи некој стечаен доверител да се стекне со повластено право за намирување на своето побарување, во однос на другите доверители, од имотот на должникот. Впрочем и целта на стечајната постапка е да се овозможи колективно намирување на сите доверители.

Имајќи го во предвид понапред изнесеното известителот е на мислење дека, Кога странка во извршна постапка е правно лице над кое е отворена стечајна постапка, извршителот треба да го одбие предлогот за извршување, а постапките за извршување што се во тек во времето на отварање на стечајната постапка, се прекинуват (член 146 став 3).

**Врховен суд на**
**Република Северна Македонија**
**Оддел за граѓански дела**